04-209/1
18.11.24

Врз основа на член 32 од Статутот на ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп, одредбите од Колективниот договор на ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп и член 52 од Законот за административни службеници (Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18, 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), а во врска со Интерниот оглас бр. 3/2024 за пополнување на административни службеници со унапредување, Директорот на ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп,ја донесе следната:

О Д Л У К А

За избор на пријавени кандидати на интерен оглас за пополнување на работни места по пат на унапредување на административни службеници

1.Врз основа на објавениот интерен оглас за пополнување на работни места на административни службеници по пат на унапредување бр.3/2024, објавен на ден 05.11.2024 година, на огласна табла во ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп,на интернет страницата на Јавното претпријатие и на веб страната на Агенцијата за администрација

- За пополнување на работното место **„Раководител на сектор за финансиско работење"**, шифра на работно место КДР 01 02 Б02 066, ниво на стручни квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, вид на образование: Економски науки, Организациони науки и управување (менаџмент) и **Работно искуство:** за нивото Б2 најмалку пет години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор

се избира кандидатот:

- **ГОРАН КАРБЕСКИ од Прилеп**

2.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници по интерен оглас оглас бр.3/2024 објавен на ден 05.11.2024 година формирана со решение бр.04-207/2 од 11.11.2024 година во функција на спроведување на постапката за селекција за унапредување на административни службеници во ЈКП„Водовод и канализација“-Прилеп, по објавениот интерен оглас за унапредување на административни службеници бр.3/2024 објавен на ден 05.11.2024 година, спроведе постапка за унапредување согласно одредбите од Законот за администрартивни службеници.

Согласно Записникот за извршена административна селекција на административните службеници за интерен оглас бр.04-207/4 од 13.11.2024 година, Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници заради спроведување на интервју бр.04-207/5 од 15.11.2024 година, ЈКП „Водовод и канализација“-Прилеп, постапи во законски предвидениот рок за избор на кандидатите и согласно одредбите од Законот за административни службеници, го избра кандидатот наведен погоре во одлуката.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука, незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администтрација на Република Северна Македонија, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката

ЈКП „Водовод и канализација“
Прилеп
Директор
Игор Гулабоски

